# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

I ГОДИНА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ТРИГОДИШНО ТРАЕЊЕ

Скопје, јуни 2013 година

# I. ВОВЕД

Предметот ликовна уметност нуди можност за стекнување трајни и употребливи знаења и вештини за ликовно изразување. Тоа му помага на ученикот да го спознае светот и да се интегрира во него. Преку решавање на ликовните проблеми се поттикнува психомоторниот, емотивниот, креативниот, интелектуалниот и културниот развој на ученикот, се развива неговата креативност и чувство за естетско проценување. Ученикот се учи да набљудува, да го пронаоѓа значењето во уметничките вредности на предметите и да воспостави врска со уметноста која ќе биде присутна во текот на целиот негов живот. Искуствата на ликовната уметност се темелат на процесот на истражување и творење. Од наставникот се бара креативен, инвентивен и флексибилен пристап во реализацијата. Наставникот треба да го познава ликовниот јазик и ликовната проблематика и да го следи ликовниот и психичкиот развој на ученикот.

**Назив на наставниот предмет:** ликовна уметност

**Вид на средно образование:** тригодишно средно стручно образование (сите струки )

**Година на изучување на наставниот предмет:** прва година

**Број на часови на наставниот предмет:**

- број на часови неделно: 1 час
- број на часови годишно: 36 часа

**Статус на наставниот предмет:** задолжителен

## II. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО I ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

-да создава правилна перцепција за ликовните и естетските вредности во природата, развивање способност за препознавање и соодветно вреднување на уметничките дела и појавите од секојдневниот живот;

-да ги совлада особеностите на ликовниот јазик, како и други теоретски знаења специфични за ликовните изразувања (развој на ликовната уметност, цртањето, сликарството, графиката, обликување во просторот, дизајнот и визуелните комуникации и мултимедијалното изразување), како и нивната практична примена во реализацијата и изнаоѓање на различни ликовни решенија;

-да развива креативно мислење и изразување во реализацијата на индивидуални ликовни задачи и проекти, како во анализирање на ученичките ликовни творби така и на уметничките дела;

-да создаде правилен однос кон: ликовната уметност и уметничките дела од различни автори, различни ликовни изразувања, од различни култури и историски периоди.

## III. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: РАЗВОЈ НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ (6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да се запознава со видовите уметнички изразувања, ликовни подрачја и дела и ликовниот јазик;<br>-да ги класифицира, препознава и споредува главните карактеристики на ликовната уметност во првобитната заедница и уметноста на старите култури;<br>-да ги препознава главните одлики на уметничките дела од ранохристијанската, византиската, романичката и готската уметност;<br>-да ги осознае карактеристиките и особеностите на уметноста на позначајните уметнички движења, правци и стилови;<br>-да се запознае со најзначајните достигнувања на уметноста во Македонија. | -Вовед во ликовната уметност<br>-Уметноста во првобитната заедница и старите цивилизации<br>-Ранохристијанска уметност<br>Византиска уметност<br>Средновековна уметност во западна Европа (романика и готика)<br>Исламска уметност<br>-Уметноста во ренесансата и барокот<br>-Уметноста во 19 век и модерната уметност<br>-Уметноста во Македонија | -Пештерско сликарство – Алтамира, Стонхенџ, египетски пирамиди, столбови (дорски, јонски, коринтски), храмови - Акропол, амфитеатри - Колосеум<br>Катакомби<br>Византиско сликарство  романика, готика<br>Исламска уметност<br>Сакрална архитектура - цркви: катедрали, базилики;   џамии<br>фреска,  икона, мозаик, купола, витраж | - Дискутирање за одредени култури, епохи, правци<br>-анализирање и споредување уметности на одредени епохи или уметнички правци.<br>-Собирање податоци за одредена епоха или стил користејќи Интернет и др. извори.<br>-Подготовка на презентација или проект за уметнички правец или автор.<br>-Посета на музеј, галерија или културно-историски споменик. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Св. Софија - Цариград -Ренесанса -Ботичели, Леонардо (Мона Лиза), Микеланџело (Сикстинска Капела, Давид)<br>Барок- Рембрант, Версај<br>-Неокласицизам - Давид, романтизам- Делакроа, реализам - Курбе<br>Импресионизам - Моне<br>Постимпресионисти – Сезан, Ван Гог,<br>Кубизам - Пикасо,<br>Апстрактно сликарство - Кандински<br>Надреализам - Дали,<br>Поп-Арт - Ворхол.<br>-Св. Софија – Охрид, Св. Пантелејмон – Нерези, Личеноски, Мартиноски | |

| Тема: ЦРТАЊЕ (6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да користи различен карактер на линии според сопствениот сензибилитет;<br>-да користи различни методи и цртачки постапки и да ги усовршува;<br>-да ги продлабочува сознанијата за линеарна перспектива и да ги применува;<br>-да ја усовршува визуелната перцепција при реализација на опсервациски цртеж;<br>-да употребува светло-темна постапка при употреба на тоновите;<br>-да експериментира со комбинирање на различни цртачки постапки и материјали;<br>-да анализира цртеж како ликовно дело. | -Цртачки средства и материјали (молив, јаглен, графит, туш, лавиран туш)<br>-Видови цртежи<br>-Ликовен јазик – ликовни елементи во цртеж: линија, текстура, , тон, големина, простор и перспектива, градација, пропорции, ритам<br>-Естетска анализа на цртежи | -Кроки, студија, скица,<br>-Линија, контурна линија, текстурна линија<br>-Ритам<br>-Пропорции<br>-Тон<br>-Градација<br>-Композиција<br>-Перспектива (линеарна)<br>-Мртва природа, портрет, пејзаж | -Создавање цртеж со различен карактер на линии.<br>-Изработување цртеж со помош на набљудување.<br>-Создавање цртеж со употреба на линеарна перспектива.<br>-Користење светло-темна постапка при употреба на тоновите.<br>-Експериментирање со различни цртачки постапки при создавање на композиција.<br>-Набљудување и анализирање цртежи од познати автори, во нив ги воочува елементите, нивните односи и цртачките постапки. |

| Тема: СЛИКАЊЕ (8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги објаснува главните карактеристики на сликарството;<br>- да ги познава и разликува сликарските материјали и техники;<br>- да разликува и препознава фигуративно и нефигуративно сликарство;<br>- да се запознае со улогата на бојата во секојдневниот живот и во уметноста;<br>- да разликува видови бои: хроматски, ахроматски; првостепени (основни), второстепени (секундарни), меѓубои, третостепени (терцијарни) бои;<br>- да користи првостепени бои и да ги меша и менува во второстепени, третостепени и меѓубои;<br>- да создава ликовни творби со примена на контрасни односи на бои: комплементарен контраст, топли – студени бои;<br>- да разликува хармонични бои (тријада) и | - Карактеристики на сликарството<br>- Сликарски материјали и техники<br>- Сликарски мотиви и теми: нефигуративни (апстрактни) и фигуративни<br>- Поделба на боите<br>- Улогата на бојата<br>- Физичко и оптичко мешање на боите<br>- Видови бои<br>- Контраст: комплементарен контраст, контраст со топли и студени бои<br>- Ахроматско и хроматско тонско степенување<br>- Хармонија: по пат на тријада, по аналогија<br>- Видови композиција: | - Слика<br>- Сликарство<br>- Сликарски техники (креда во боја, пастел, темпера, гваш, акварел, масло на платно, акрил, енкаустика, фреско сликарство, мозаик, витраж, мурал, таписерија, колаж...)<br>- Фигуративно и апстрактно сликарство<br>- Електромагнетски спектар<br>- Информативна, естетска, психолошка, симболична улога на боите | - Наставникот презентира и објаснува за различни сликарски материјали, техники и сликарски композиции – дела.<br>- Разговор и анализа на сликарски дела со фигуративни и нефигуративни мотиви.<br>- Разговор и **презентирање** за електромагнетски спектар.<br>- Дискусија за улогата на боите и нивното влијание во секојдневниот живот и во уметноста.<br>- Разговор за својствата на боите.<br>- Анализа на обоениот круг и објаснување за поделбата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| хармонија по аналогија;<br>- да применува хроматско тонско степенување во сликарска композиција;<br>- да разликува слободна и мрежеста композиција;<br>- да се оспособи за креативна реализација на сликарска композиција со различни сликарски и несликарски материјали и техники. | слободна и мрежеста;<br>отворена, затворена, полуотворена. | - Физичко и оптичко мешање на боите<br>- Ахроматски бои<br>- Хроматски бои: првостепени, второстепени, меѓубои, третостепени, топли-студени, контрасни, хармонични бои<br>- Контраст со боја<br>- Комплементарен контраст<br>- Тон<br>- Хроматско и ахроматско тонско степенување<br>- Хармнија по пат на тријада и по аналогија<br>- Симетрична, асиметрична, радијална, комбинирана рамнотежа<br>- Слободна и мрежеста композиција | на боите.<br>- Реализација на творба со мешање на боите.<br>- Препознавање контрасни односи на бои и нивна примена во ликовната творба.<br>- Развој на перцепција и воочување хармонични односи на бои во природата, секојдневниот живот како и во ликовните дела.<br>- Примена на тонски вредности.<br>- Создавање слободна композиција и експериментирање со различни сликарски материјали и други техники по слободен избор.<br>- Анализа на сликарски композиции и разликување видови композиции.<br>- Анализа на сликарски дела од странски и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Отворена, затворена и полуотворена (фриз) композиција | македонски автори и препознавање на естетски и ликовни вредности. |

| Тема: ГРАФИКА (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги објаснува главните карактеристики на графичкото изразување;<br>- да разликува и препознава графички материјали и техники;<br>- да го опишува процесот на изработка на графичкото дело: скица, матрица, печатење, графички отисок (во некоја графичка техника – линорез, картон печат, дрворез сл.);<br>- да го применува контрастот во изработка на скица за графика (црно-бел контраст за линорез);<br>- да истражува контрасни односи на ликовни елементи и користи линии, | - Особености на графичкиот израз<br>- Графички техники<br>- Ахроматски контраст<br>- Контраст на линии и текстури<br>- Ликовни вредности во компјутерската графика<br>- Композиција со контраст на тон, боја | - Графички техники<br>- Скица за графика<br>- Графичка плоча – матрица<br>- Графички отисок<br>- Ахроматски контраст<br>- Графичка линија, текстура<br>- Компјутерска графика<br>- Контраст на тонски вредности | - Разговор за различни графички техники (линорез, дрворез, бакропис, литографија).<br>- Разговор за процесот на изработка на графичко дело.<br>- Реализација на скица за графика со контраст (црно – бело).<br>- Реализација на графика со монотипија.<br>- Изработка на компјутерска графика.<br>- Анализа на ликовни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| текстури  во реализација на цртеж, скица за графика;<br>- да создава пример за компјутерска графика со користење на тонски вредности (ахроматски или во боја);<br>- да анализира, објаснува и дава критика за естетски и ликовни вредности на графичкото дело. | | | вредности во графичкото изразување на дела од познати странски и македонски уметници и ученички творби. |

| Тема: ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОР-СКУЛПТУРА (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да го разбере  односот помеѓу волуменот/масата и просторот;<br>-да разликува релјеф од полна пластика;<br>-да разликува скулптура на постамент од амбиент или инсталација;<br> -да стекне сознанија за амбиенталните | -Скулпторски материјали (глина, гипс, дрво, метал, картон, готови предмети, итн.)<br>-Моделирање со глина<br>-Односот помеѓу просторот и формата | -Волумен и форма<br>-Скулптура на постамент<br>-Релјеф<br>-Архитектурата и скулптурата<br>-Инсталација | Експериментира со волумен/маса во скулптурата.<br>-Компонирање на скулптура со постамент.<br>-Релјефот и неговото значење во скулптурата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ликовни решенија;<br>-да стекне сознанија за инсталацијата и улогата на звукот, светлината  кај истата;<br>-да се запознае со примената на новите технологии во современата уметност. | -Релјеф<br>-Просторот како скулптура<br>-Асемблаж<br>-Конструирање | -Амбиент<br>-Пејзажна скулптура<br>-Мобилна скулптура<br>-Стабилна скулптура | -Асемблаж- ликовно решение.<br>-Ликовно решение по пат на конструирање.<br>-Запознавање на учениците со примената на новите технологии во тродимензионалното обликување.<br>-Анализирање ликовна исталација.<br>-Артикулирање на уметнички проект во екстериер(двор, улица, плоштад).<br>-Естетско проценување на абиентални ликовни решенија. |

| Тема: ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ  (4 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со  ликовниот јазик | -Индустриски дизајн<br>- Мебел | -Репродукции<br>-Скици | - Користиње на стекнатите ликовни знаења, умееења и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ( ликовни елементи и принципи ) и ликовната теорија на дизајнот;<br>-да стекне способност за дизајнирање на разни индустриски производи;<br>-да создава дизајн на плакат;<br>-да знае за поимите на костимот;<br>- да има познавање за накитот како декоративен дел од уметноста (филигран);<br>- да се запознава со основните ликовни и функционални карактеристики на визуелните комуникации ( фотографија, логотип, сообраќајни и други знаци, корпоративен идендитет, амбалажи и др.);<br>-да осознава за комуникациската, уметничката и комерцијално-пропагандата улога на (фотографија, логотип, сообраќајни и други знаци, корпоративен идендитет, амбалажи и др.) визуелни комуникации. | - Графички дизајн<br>- Плакат<br>- Ритам на ликовни елементи<br>- Дизајн на текстил<br>- Моден и театарски костим<br>- Дизајн на накит<br>- Филигран<br>-Визуелни комуникации<br>- Фотографија<br>- Логотип<br>- Корпоративен идентитет<br>- Сообраќајни и други знаци | - Костими<br>- Дезен<br>- Накит<br>- Филигран<br>-Фотографија<br>-Логотип<br>-Корпоративен идендитет<br>-Сообраќајни и други знаци | способности во креирање на предметите од дизајнот.<br>-Дизајнира разни индустриски производи (апарати, мебел...).<br>-Создадава идејно решение за плакат.<br>- Ги разбира и објаснува карактеристиките на видовите на дизајнот и прави корелација со друг дизајн.<br>- Да умее да изработи скица од еко - материјали за дизајн на текстил.<br>- Ја анализира основната функција на визуелните комуникации (фотографија, логотип, сообраќајни и други знаци, корпоративен идентитет, амбалажи и др.). |

| Тема: МУЛТИМЕДИЈАЛНО ИЗРАЗУВАЊЕ (2 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да препознава дигитална уметност во спектарот на изразности во ликовната уметност;<br>-да разликува видео од комјутерска уметност;<br>-да ја препознава улогата на дигиталните технологии во ликовното изразување;<br>-да диференцира дигитална улога во комплексни амбиентални или инсталациски решенија. | -Дигитална уметност<br>-Компјутерска уметност<br>-Видео уметност<br>-Робот арт | -Продукција<br>-Постпродукција<br>-Видео и аудио инсталација | -Нагледни предавања за видеоуметноста.<br>-Наставникот прави компаративни анализи со секојдневната присутност на дигиталните технологии и нивната улога во ликовната уметност.<br>-Се диференцираат разликите помеѓу видео и компјутерската уметност согласно техичко-технолошкиот пристап.<br>-Иницијално снимање на видео клип. |

| Тема: АРХИТЕКТУРА (2 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да се запознава со основните ликовни и функционални карактеристики на архитектурата;<br>-да се запознае со карактеристиките на современата архитектура од нејзиното постоење до денес;<br>-да ги препознае и разликува традиционалните и современите материјали во архитектурата;<br>-да се запознае со карактеристиките на македонската архитектура. | -Основни принципи во архитектурата<br>-Функција, материјал, конструкција и естетика<br>-Современа архитектура<br>-Македонска архитектура | -Функција, материјал, конструкција и естетика,<br>-Нови материјали (метал и стакло)<br>-Архитектонски скици, планови, проекти<br>-Ентериер<br>-Екстериер | -Разликување на материјалите во кои се градени објектите, (традиционални и современи).<br>-Разговор и дискусија за принципите во архитектурата.<br>-Да исцртаат скица по сопствен избор и да се анализира |

## IV. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

-Наставните содржини од предметот ликовна уметност даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување и со останатите наставни предмети. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

Годишен фонд на часови:

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Развој на ликовната уметност | 6 часа |
| 2. | Цртање | 6 часа |
| 3. | Сликање | 8 часа |
| 4. | Графика | 4 часа |
| 5. | Обликување во просторот - скулптура | 4 часа |
| 6. | Дизајн и визуелни комуникации | 4 часа |
| 7. | Мултимедијално изразување | 2 часа |
| 8. | Архитектура | 2 часа |
| Вкупно: | | 36 часа |

*Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

**-Наставни средства:**

- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (посета на музеи и галерии и разгледување на оригнални ликовни дела, предмети во природата и околината, репродукции, ученички творби, апликации каталози и сл.);
- стручни списанија, уметничка енциклопедија, учебници (од историја и теорија на уметноста) и сл.;
- аудио-визуелни средства (ЛЦД проектор, ТВ, ДВД-плеер, дигитален фотоапарат, дигитална видео камера, компјутер и други средства);
- Интернет, образовни софтвери.

## V. СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

## СТАНДАРДИ за темата РАЗВОЈ НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ

ученикот/ученичката
ПОМНЕЊЕ:
-препознава главни карактеристики на праисториската и уметноста на старите култури (Египет, Грција, Рим), пештерско сликарство -Алтамира, Стонхенџ, египетски пирамиди; дорски, јонски, коринтски столбови; храмови - Акропол, амфитеатар - Колосеум);
-препознава главни карактеристики на ранохристијанската, византиската уметност, уметноста на романиката и готиката, исламската уметност (катакомби, катедрали, базилики, Св. Софија – Цариград, византиско сликарство - фрески, икони, мозаици; витражи; џамии );
-препознава главни одлики на ренесансата и барокот и набројува неколку претставници (Ботичели, Леонардо (Мона Лиза), Микеланџело (Сикстинска Капела, Давид), Рембрант, Версај);
-препознава основни карактеристики на позначајните правци од 19 и 20 век (неокласицизам – Давид; романтизам – Делакроа; -реализам – Курбе; импресионизам – Моне; постимпресионисти – Ван Гог, Сезан; кубизам- Пикасо; апстрактно сликарство – -Кандински; надреализам – Дали; поп – арт – Ворхол) ;
-набројува позначајни средновековни споменици во Македонија и неколку позначајни основоположници на современата македонска уметност (Св. Софија –Охрид, Св. Пантелејмон- Нерези; Личеноски, Мартиноски).

РАЗБИРАЊЕ И СФАЌАЊЕ:
-ги разбира и споредува главните карактеристики на старите култури;
-ги разбира и споредува основните карактеристики на уметничките остварувања од византиската уметност и средновековната уметност од Западна Европа;
-споредува карактеристики на ренесансата, барокот, уметничките правци од 19 и 20 век;
-споредува карактеристики на средновековните градби на тлото на Македонија.

ПРИМЕНУВАЊЕ:
-собира податоци (визуелни и текстуални) за одредена епоха или стил, го презентира материјалот;
-собира податоци (визуелни и текстуални) за средновековното творештво на тлото на Македонија (Св. Софија, Св. Пантелејмон – Нерези) и за основоположниците на Македонската модерна уметност (Личеноски, Мартиноски), го презентира материјалот.

АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ:
-ги анализира главните карактеристики на старите култури;
-анализира средновековни архитектонски градби, фрески, мозаици;
-прави истражувања за Ренесансата, Барокот, уметничките правци од 19 и 20 век.

## СТАНДАРДИ за темата ЦРТАЊЕ

ученикот/ученичката
ПОМНЕЊЕ:
-препознава различни цртачки средства и материјали (молив, јаглен, туш, лавиран туш);
-препознава видови на цртежи – кроки, студија, скица...;
-набројува видови линии и препознава линии со различен карактер;
-препознава линеарна перспектива;
-препознава тонско степенување во цртеж;
-препознава различни мотиви во цртеж: мртва природа, портрет, пејзаж.

РАЗБИРАЊЕ И СФАЌАЊЕ:
-споредува карактеристики на различни цртачки средства;
-споредува различни видови цртежи;
-истражува и дава примери за различни карактери на линии;

-споредува разни видови перспективи (линеарна – со 1 и 2 собирни точки,);
-истражува разни видови светло-темни постапки.

ПРИМЕНУВАЊЕ:
-користи различни цртачки средства и техники, комбинира и експериментира со истите;
-користи различни карактери на линии според сопствениот сензибилитет;
-применува светло-темна постапка при употреба на тоновите во цртеж;
-користи линеарна перспектива во цртеж;
-црта по набљудување, помнење или фантазија.

АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ:

-анализира цртежи од познати автори, во нив ги воочува елементите, нивните односи и цртачките постапки;
-ги анализира ликовните елементи користени во сопствените цртежи.

## СТАНДАРДИ за темата СЛИКАЊЕ

ученикот / ученичката
ПОМНЕЊЕ:
-разликува слика од други ликовни изразувања;
-препознава и разликува сликарски материјали и техники (традиционални и современи); креда во боја, пастел, темпера, гваш, акварел, масло на платно, акрил, енкаустика, фреско сликарство, мозаик, витраж, мурал, таписерија, колаж...;
-препознава сликарски мотиви: нефигуративни (апстрактни) и фигуративни (портрет, автопортрет, колективен портрет, акт, пејзаж, ентериер, мртва природа, жанр-сцена, историски, митолошки, религиозни сцени и мотиви...);
-ја разликува и разбира улогата на бојата во секојдневниот живот (информативна, комуникациска, психолошка);

-ја препознава и опишува улогата на бојата во сликарството како основен ликовен елемент на изразување (естетска, симболична, декоративна);
-разликува и набројува видови бои; (видови бои: ахроматски, хроматски, основни, секундарни, терцијарни);
-разликува и набројува контрасни односи на бои;
-препознава хармонични односи на бои во природата, секојдневниот живот и во уметноста;
-препознава и разликува тонски вредности во природата и во ликовните дела (светло – темно);
-разликува хроматско и ахроматско тонско степенување;
-разликува видови композиции: слободна, мрежеста, радијална; отворена, затворена, фриз;
-препознава и разликува видови рамнотежа (симетрија, асиметрија, комбинирана, радијална) во сликарските композиции.

РАЗБИРАЊЕ И СФАЌАЊЕ:
-ги објаснува главните карактеристики на сликарството како ликовно подрачје и сликата како ликовно дело;
-објаснува за улогите на бојата;
-дефинира и објаснува за поделбата на боите и ги разбира критериумите за поделба на боите (видови бои: ахроматски, хроматски, основни, секундарни, терцијарни);
-дефинира контраст со боја;
-дефинира хармонија со боја;
-дефинира и објаснува видови композиции (слободна и мрежеста) и ги истакнува суштинските карактеристики.

ПРИМЕНУВАЊЕ:
-користи првостепени бои и нивно мешање да добива второстепени, меѓубои и третостепени бои;
-применува контрасни бои во реализација на ликовна творба;
-создава композиции со примена на контрасни односи на бои: комплементарен контраст, топли – студени бои;
-користи и комбинира различни сликарски материјали и техники со цртачки, вајарски и сл.
-применува тонско степенување на боите;
-користи асиметрична рамнотежа во ликовната творба.

АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ:
-споредува сликарски композиции со други ликовни изразувања;
-експериментира со различни сликарски и несликарски материјали и техники;
-компонира слика со видови бои, спонтано и по одредена задача;
-создава слободна композиција и слободно компонира ликовни елементи и принципи;
-компонира различни ликовни елементи и принципи и создава композиција со асиметрија;
-анализира и дискутира за ликовните вредности во сопствените сликарски композиции и дела на познати автори.

## СТАНДАРДИ за темата ГРАФИКА

ученикот / ученичката
ПОМНЕЊЕ:
-да разликува графичко дело од други ликовни изразувања;
-да разликува контраст на линии, текстури, шрафури во графиката;
-препознава скица за графика, матрица и отпечаток при создавање на графичко дело;
-опишува процес на изработка и реализација на одредена графичка техника (линорез);
-препознава ликовни елементи и принципи во графиката.

РАЗБИРАЊЕ И СФАЌАЊЕ:
-ги објаснува главните карактеристики на графиката;
-знае да дефинира и објасни поими: графика, графички цртеж, скица, матрица, графички отисок;
-истражува разни односи на ликовни елементи во графичката композиција.

ПРИМЕНУВАЊЕ:
-користи различни графички материјали при создавање на графички цртеж, скица за графика;

-применува контраст во реализација на скица за графика;
-применува контрасни вредности во изработка на компјутерска графика;
-објаснува за функцијата на контрастот во графичкиот израз;
-изработува графика со монотипија.

АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ
-создава компјутерска графика со контрасни вредности (на тон, боја, текстура, линија...);
-анализа на ликовни елементи и принципи користени во сопствените графики и на познати автори.

## СТАНДАРДИ за темата ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОР-СКУЛПТУРА

ученикот / ученичката
ПОМНЕЊЕ:
-ја разликува скулптурата од другите ликовни изразувања;
-препознава спектар на скулпторски матерјали глина, дрво, метал, камен, асемблажни матерјали;
-диференцира различни скулпторско -обликовни изразности (скулптура на постамент, екстериерна скулптура, објект, предмет, инсталација, амбиент);
-помни имиња на преставници од областа на скулптурата и тродимензионалното обликување.

РАЗБИРАЊЕ И СФАЌАЊЕ:
-објаснува скулпторски постапки моделирање, додавање-одземање, клесање, градење итн.);
-објаснува скулптопрски техники (скулптура во метал, дрво, камен, асемблаж).

ПРИМЕНУВАЊЕ:
-применува додавање и одземање при постапка на моделирање;

-применува асемблаж во структурирање на ликовно дело.

АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ:
-споредува скулптура и амбиент;
-анализира скулпторски проект;
-ги синтетизира вредностите од спектарот на просторното обликување;
-вреднува скулпторско дело.

## СТАНДАРДИ за темата ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ

ученикот / ученичката
ПОМНЕЊЕ:
-ја знае поделбата на дизајнот ( индустриски и графички дизајн, моден и театарски костим, накит и аксесоари....);
-препознавање на разновидноста и поделбата според специфичноста на нивното производство или материја;
-знае за нивната функција и намена;
-ја познава основната функција на визуелните комуникации ( фотографија, логотип, сообраќајни и други знаци, корпоративен идентитет, амбалажи и др.);
-поседува основни сознанија за графичкиот и индустрискиот дизајн, ( печатот, опремата на книги, плакатот, рекламните површини, и друго.....).

РАЗБИРАЊЕ И СФАЌАЊЕ:
-ги разбира и објаснува карактеристиките на дизајнот;
-ја разбира потребата за единството-хармонијата на естетиката и утилитарноста на индустрискиот производ и техничко-технолошки вредности на обликување на просторниот дизајн и дизајн продукт.

ПРИМЕНУВАЊЕ:
- умее да направи идејно решение за плакат;
- изработува скица како пример за дизајн на текстил и облека (креирање на театарски костиим);
- умее да направи идејно решение за дизајн на индустриски производ;
- применува знаења за композиција (и други ликовни вредности) во реализација и изработка на фотографија;
- применува искуства од дизајнот во осмислување на логотип.

АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ:
-ја анализира основната функција на визуелните комуникации (фотографија,логотип, сообраќајни и други знаци, корпоративен идендитет, амбалажи и др.);
-споредува логотипи и ја анализира нивната етимологја;
-анализира фотографији од областа на визуаните комуникации;
-анализира карактеристики на индустриски, графички,текстилен дизајн...

## СТАНДАРДИ за темата МУЛТИМЕДИЈАЛНО ИЗРАЗУВАЊЕ

ученикот/ученичката
ПОМНЕЊЕ:
- ја препознава мултимедијалата од другите ликовни изразувања;
-препознава спектар на мултумедијални изразности, видео, видео инстаалација, компјутерска уметност, аудио исталација итн.

РАЗБИРАЊЕ И СФАЌАЊЕ:
-ја разбира улогата на дигиталните технологии во примена на мултимедијалното ликовно изразување;
-ја разбира разликата помеѓу мултимедијата и останатите ликовни изразности;
-разбира иницијални вредности од мултимедијалното изразување.

ПРИМЕНУВАЊЕ:
-применува секојдневна дигитална технологија за продуцирање на видео или аудио;
-пронаоѓа и употребува мултимедијални дела во секојдневниот културен живот.

АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ:
-спредува видеоисталација со  филм;
-анализира мултимедијално дело.

## СТАНДАРДИ за темата АРХИТЕКТУРА

ученикот/ученичката
ПОМНЕЊЕ:
-препознавање на основните ликовни и функционални карактеристики на архитектурата;
-препознавање на основните принципи ( функција, материја, конструкција, естетика );
-препознавање на современата архитектура ( разликите на традиционалните и современите материјал).

РАЗБИРАЊЕ И СФАЌАЊЕ:
-ги разбира и споредува ликовните и функционални карактеристики во архитектурата;
-споредува стари и нови градби во архитектурата;
-објаснува за изработување на скици, планови, проекти.

ПРИМЕНУВАЊЕ:
-изработка на скица и идејно решение за уредување на одреден простор;
-применува искуства од архитектонските концепти во реализирање на сопствено креативно решение;
-ја познава улогата на материјалите во кои се градени објектите ( традиционални и современи).

АНАЛИЗА, СИНТЕЗА И ВРЕДНУВАЊЕ:
-ги анализира главните карактеристики на архитектурата;
-прави истражување за старите градби;
-изработка на план, проект на одреден објект.

## VI. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување). Оваа компонета е составен дел од планирањето на наставникот за наставата и учењето. Наставата се оценува и се изведува само бројчана оценка (сумативно оценување).

## VII. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ликовна уметност се реализира во кабинет по ликовна уметност , на отворен простор, во музеи и галерии и со опрема според Нормативот за простор.

## VIII. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

1. Факултет за ликовни уметности-педагошки оддел.
2. Факултет за ликовни уметности-со педагошка доквалификација.

## IX. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: *1.09.2013 година*

**Потпис и датум на утврдување на Наставната програма**

Наставната програма по предметот Ликовна уметност за I (прва) година на средното стручно образование со тригодишно траење, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

МИНИСТЕР,

___________________

Спиро Ристовски

Изготвил: работна група со решение бр.02-636/1 од 22.04.2013 год., координатор Зоран Мазновски
Контролирал: Трајче Георгиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор
Директор: м-р Весна Хорватовиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
од 01.10.2013 година
Скопје